**ОПШТИНА БУТЕЛ**

**Предлагач: Градоначалник на**
**Општина Бутел**
**Велимир Смилевски**

**Изготвувач: Сектор за урбанизам,**
**просторно планирање и**
**заштита на животната средина,**

**Претставник: Раководител на сектор**
**Слободан Невенов**

# ПРОГРАМА
## (Н)
## ОБРАЗОВАНИЕ
## ЗА 2019 ГОДИНА

**Скопје,Декември 2018 година**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 42 став 1 точка 7 од Статутот на општина Бутел - Пречистен текст ("Службен гласник на општина Бутел" бр.03/14), Советот на општина Бутел на 18-та седница одржана на
27 Декември 2018 година, донесе:

**П О Т П Р О Г Р А М А**
**(Н10)**
**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Со оваа потпрограма се уредува:

1 Извори за финансирање на потпрограмата .
2. Пресметување на трошоците за тековно-оперативни и капитални инвестиции во основното образование
3. Динамика на извршување на потпрограмата.
4. Преодни и завршни одредби.

## 1. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОТПРОГРАМАТА

Потпрограмата Н10 - Основно образование на територија на општина Бутел се финансира од Буџетот на општина Бутел за 2018 година

## 2. ТРОШОЦИ ЗА ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ И КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ

### 2.1. Видови расходи

Расходи за реализација, според намената и по поединни видови елементи на Општината се:

| Категорија | Ставка | Потставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| **48** | | | **Капитални раскоди** | **25.000.000** |
| | **423** | | **Образовни материјали** | **2.000.000** |
| | | 423610 | Наставно-образовни помагала | 2.000.000 |
| | **424** | | **Поправки и тековно одржување** | **1.500.000** |
| | | 424210 | Одржување на згради | 1.500.000 |
| | **480** | | **Купување на опрема и машини** | **1.500.000** |
| | | 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 1.500.000 |
| | **482** | | **Други градежни објекти** | **20.000.000** |
| | | 482910 | Подготвување проекти | 500.000 |
| | | 482930 | Реконструкција на други објекти | 19.000.000 |
| | | 482940 | Надзор над изградбата | 500.000 |

## 2.2. Распоред на расходи по проекти

## # Образложение на потставките

- Замена на систем за парно греење со нов систем за греење на природен гас во:

  - ОУ Св.Климент Охридски
  - ОУ Панајот Гиновски
  - ОУ Ацо Шопов

- Замена на дотраени прозори со нови (енергетски ефикасни) пластифицирани прозори во холот и од внатрешна страна на:
-
  - ОУ Панајот Гиновски
  - ОУ Св.Климент Охридски
  - ОУ Ацо Шопов
  - ОУ Петар Здравковски Пенко

- Реновирање на дел од санитарни јазли во ОУ Ацо Шопов
- Смарт или интерактивни училишни табли во сите основни училишта по претходно утврден приоритет
- Надгледни средства за настава по фискултура, хемија, физика, музичко образование за сите основни училишта со динамика на претходно утврден приоритет
- Камери и пропратна видео опрема за надзор во сите седум (7) училишта
- Изградба на ново ОУ во село Визбегово кофинансирање со Министерство за образование
- Асфалтирање на плато во ОУ Панајот Гиновски
- Изградба на полигон за велосипеди во ОУ Панајот Гиновски

## 3. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОТПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од приливот на средствата во буџетот на општина Бутел за 2019 година.

## 4. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата Н10 ја врши Градоначалникот на општина Бутел, преку Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина и Одделението за јавни дејности.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Бутел" и е составен дел од Буџетот на општина Бутел за 2019 година, а ќе се применува од 01.01.2019 година.

Број 08 -2866/6
од 27.12.2018 година
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ**
Мирче Тодоровски